РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ПАНКО БРАШНАРОВ
Бр. 04-951
05.08. 2025 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 45 став 1 од Законот за административни службеници (Службен весник на Република Македонија бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/19, 14/20, 215/21 ,99/22 и 208/24) и Предлогот за вработување на кандидат по јавен оглас 629/2025 на Агенцијата за администрација бр.10-1424/11 од 01.08.2025 година, Директорот на Општинско основно училиште “Панко Брашнаров” Велес ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат за вработување на административен службеник на неопределено време**

1. Кандидатот **Билјана Илијевски** се избира за работното место **ОБН 01 02 В01 001** Советник за општи и нормативно правни работи- Секретар, Одделение за нормативно правни работи, човечки ресурси и општи работи, Административна служба, во ООУ ”Панко Брашнаров” Велес.

2. Со избраниот кандидат ќе се склучи Договор за вработување на неопределено време по конечноста на оваа Одлука.

3. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Образложение**

По добиената Согласност за вработување од Министерство за образование и наука бр.12-5683/4 од 04.06.2025 година и Министерство за финансии бр.19-5568/2 од 02.06.2025 година, Агенцијата за администрација на ден 27.06.2025 година на својата интернет страница и во дневните весници Слободен печат, Нова Македонија и Коха објави јавен оглас бр.629/2025 за вработување на административен службеник во ООУ “Панко Брашнаров” Велес за работното место ОБН 01 02 В01 001 Советник за општи и нормативно правни работи- Секретар, Одделение за нормативно правни работи, човечки ресурси и општи работи, Административна служба.

Во врска со објавениот оглас бр.629/2025, Директорот на Агенцијата за администрација донесе Решение бр.10-1424/5 од 04.07.2025 година, со кое беше формирана Комисија за селекција за вработување по јавен оглас која спроведе постапка за административна селекција-Записник бр.10-1424/6 д 16.07.2025 година, како и Решение за

изменување и дополнување на Решението за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас бр. 10-1424/7 од 30.07.2025 година која спроведе испит за административен службеник-Записник бр.10-1424/8 од 30.07.2025 година и проверка на веродостојност на докази и интервју-Записник бр.10-1424/9 пд 31.07.2025 година.

Откако во целост беше спроведена постапката, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас изготви конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција, а Директорот на Агенцијата за администрација до училиштето достави Предлог за вработување на кандидат со освоени бодови бр.10-1424/11 од 01.08.2025 година, за вработување на кандидатот Билјана Илијевски со идентификациски код 7979Б61.

По разгледување на доставената документација од Агенција за администрација и Предлогот за вработување на кандидат по јавен оглас 629/2025, Директорот на ООУ "Панко Брашнаров" Велес изврши избор како во диспозитивот на Одлуката.

**Правна поука:** Против оваа Одлуа незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена сметано од денот на објавувањето на Одлуката на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**ООУ "Панко Брашнаров" Велес**
**в.д. Директор**

**Сениха Брзева**

Доставено до:

- Избраниот кандидат
- Агенција за администрација
- Архива